Република Северна Македонија
КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ
Бр. 04-32/1
15.01.2026 год.
ПРИЛЕП

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкции**

**КПД Прилеп**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/25, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/2022 ), а во врска со објавениот оглас за вработување на административни службеници во Казнено поправен дом Прилеп број 1009/2025 од 08.08.2025 година и Предлог за вработување на кандидати по јавниот оглас број 10-95/4 од 12.01.2026 година, Директорот на Казнено поправен дом Прилеп донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. Марио Илиоски се избира од предложената Конечна ранг-листа на кандидати по Јавен оглас за вработување на административен службеник во Казнено поправен дом Прилеп број 1009/2025 од 08.08.2025 година, за работното место Помлад соработник за третман на осудените лица, Одделение за третман на осудените лица, Сектор за ресоцијализација, со звање Помлад соработник со шифра на работно место УПР 01 01 В04 000.

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

### О б р а з л о ж е н и е

По објавениот оглас број 1009/2025 од 08.08.2025 година објавен на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер„ , „Нива Македонија„ и „ Коха„ Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана од страна на Агенцијата за администрација со решение бр.10-2126/9 од 20.12.2025г одина за спроведување на постапката за вработување на административен службеник од точка 1 од оваа Одлука спроведе административна селекција (Записник бр.10-2126/10 од 19.12.2025 година),Испит за административен службеник (Записник бр.10-95/2 од 08.01.2026 година) и проверка на веродостојност на доказите и интервју (Записник бр.10-95/3 од 12.01.2026 година).

По спроведената административна селекција,испит за административен службеник и проверка на веродостојност на доказите и интервју Комисијата изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на постапката за вработување и до Директорот на Казнено поправен


Министерство за правда
Управа за извршување на санкции
КПД Прилеп
Ул. „Крушевски пат " ББ, Прилеп
Република Северна Македонија
+389 48 420 493
e_mail:
zatvorprilep@yahoo.com

Република Северна Македонија КАЗНЕНО ПОПРАВЕН ДОМ Прилеп

дом Прилеп достави Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 10-95/4 од 12.01.2026 година.

Врз основа на предложената Конечна ранг-листа и Предлогот за вработување Директорот на Казнено поправен дом Прилеп одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука раководното лице на институцијата носи решение односно склучува Договор за вработување на неопределено со кандидатот од точка 1 од оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**СОГЛАСЕН**
**ЗАМЕНИК ДИРЕКТОР:**

Диме Наумчески

**ДИРЕКТОР:**

Емил Јанески

Република Северна Македонија Казнено поправен дом Прилеп

**ДОСТАВЕНО ДО :**

- Именуваниот/та
- Агенција за администрација
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Подготвил/а: А.Гаврилоски
Проверил/а:
Одобрил/а:


Министерство за правда
Управа за извршување на санкции
КПД Прилеп
Ул. „Крушевски пат" ББ, Прилеп
Република Северна Македонија
+389 48 420 493
e_mail:
zatvorprilep@yahoo.com